Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК
## од Сто шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 декември 2019 година

**Скопје, декември 2019 година**

**ЗАПИСНИК**
**од Сто шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 декември 2019 година**

Седницата започна во 13:35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за

координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Елизабета Наумовска, заменик на министерот за образование и наука, како и Ана Петровска, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Христијан Ѓоргиевски и Зоран Бојаровски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија.

*
*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Придонес на Република Северна Македонија кон Годишниот извештај на Европската комисија

- Информација за степенот на реализација на препораките на Реактивната мисија на УНЕСКО од 2017-та година, одлуките на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО (Краков, 2017 година и Баку, 2019 година), и релевантните заклучоци на Владата на Република Северна Македонија за состојбата со природното и културното наследство во Охридскиот Регион

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА СО И БЕЗ РАСПРАВА**

**а) гости**

1. Барање за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија

2. Предлог-одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија-Скопје

3. Информација со предлог-одлуки за давање во сопственост и за давање на трајно користење на недвижни ствари на општини во Република Северна Македонија, со предлог-одлуки

4. Информација за престанок и за давање на трајно користење без надомест на недвижни ствари на Кошаркарска федерација на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

5. Предлог-одлука за зголемување на основната главнина од средствата на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје со издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда-четврта емисија на акции

6. Информација за спроведена теренска контрола на корисниците на станови под закуп

7. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за неможност за утврдување на исполнувањето на обврската на приватниот партнер согласно член VIII, точка 3, потточка 3.2 став 2 од Договорот за јавно приватно партнерство ОДУ бр. 69/13 од 5.4.2013 година

8. Предлог-програма за изменување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2019 година

9. Информација во врска со непотпишување на менаџерските договори на директорот и заменик на директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија

10. Предлог-упатство за начинот на спроведување на инспекциски надзор

11. Информација за усвојување на Меморандум за соработка/разбирање помеѓу Република Северна Македонија и Евроатлантскиот центар за координација на одговор при катастрофи (EADRCC) за спроведување/реализација на здружена вежба (Северна Македонија 2020), со усогласен текст на Меморандум

12. Предлог-одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 16 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка и Предлог-одлуки за престанок на важење на одлуки за давање согласност

13. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (од 2019 година)

14. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (од 2018 година)

15. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (од 2017 година)

16. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (од 2016 година)

17. Информација за добивање согласност од Владата на Република Северна Македонија, за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука (ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија-Скопје)

18. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби)

**б) економски систем и тековна економска политика**

19. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, по скратена постапка

20. Предлог-закон за престанување на важноста на Законот за трговија на зелени пазари, по скратена постапка

21. Предлог-закон за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, по скратена постапка

22. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка

23. Предлог-програма за изменување на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2019 година

24. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2019 година

25. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година

26. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година

27. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година

28. Информација за Предлог за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во катастарска Општина Трн, Општина Битола, со Предлог-одлука за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во катастарска Општина Трн, Општина Битола

29. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на на за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на надземен 10(20) kV приклучен вод и бетонска столбна трафостаница БСТС 10(20)/0,4 kV:100 kVA „Сланушка" КО Шлегово, Општина Кратово, со Предлог-одлука

30. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, КО Ќојлија, Општина Петровец, со Предлог-одлука

31. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтаична електрична централа КО Тработивиште, Општина Делчево, со Предлог-одлука

32. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Измена и дополна на Проект за инфраструктура за изградба на ветерни електрани Богословец, пристапен пат, ТС 20 (30)110кв, со приклучен далековод од 2х110кв, Општина Свети Николе и Општина Штип, со Предлог-одлука

33. Информација во врска со одржување на Собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД, Скопје, закажано за 17.12.2019 година

34. Информација за спроведување на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија 2019-2023, со Акциски план

35. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Тино-Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

36. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Некст дор парк, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

37. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Гранд М, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

38. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Гарден спа бутик хотел, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

39. Информација за потпишување на Мултилатералната конвенција за имплементација на мерките за спречување на ерозија на даночната основа и преместување на профитот кои се однесуваат на договорите за одбегнување на двојното оданочување (MLI)

40. Информација во врска со функционирањето на Управниот одбор на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги на воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје

41. Информација за статус на проектот за изградба на железничка делница Крива Паланка-граница со Република Бугарија од Секторската оперативна програма за транспорт 2014-2020 година согласно Извадок од Нацрт-записникот бр. 45-17/153 од Сто педесет и трета седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 10.09.2019 година

42. Предлог договор за доделување на државна помош на „Локо транс логистик" ДООЕЛ Скопје и деловен план за инвестицискиот проект

43. Предлог-одлука за укинување на увозната давачка-царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени

44. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги „Агроленд трејд" ДООЕЛ увоз-извоз с. Манастирец Росоман на локалитетот „Црвени Брегови 2", Општина Неготино

45. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-минерална вода на Друштвото за производство, трговија и услуги „Делфис" ДООЕЛ с. Радиовце, Брвеница на локалитетот „Самаци", Општина Брвеница

46. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на Совет за развој на пазарот на капитал

47. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „Мастербет" ДООЕЛ Скопје за деловната просторија на ул.„ Љубљанска" бр.6/1, Скопје-Карпош

**в) политички систем**

48. Информација со Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија

49. Информација за правосилност на одлука на Европскиот суд за човекови права во случајот Харуни против Република Северна Македонија, А.бр.8082/15, со Предлог-одлука

50. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Основен суд Скопје 2-Скопје

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

51. Предлог-закон за образование на возрасните

52. Предлог-закон за изменување на Законот за вработување на инвалидни лица, по скратена постапка

53. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување, по скратена постапка

54. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, по скратена постапка

55. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, по скратена постапка

56. Предлог-закон за изменување на Законот за инвалидски организации, по скратена постапка

57. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции

58. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција

59. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија за 2019 година

60. Предлог-програма за изменување на Програма за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош во Република Северна Македонија за 2019 година

61. Предлог-програма за изменување на Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Македонија за 2019 година

62. Предлог-програма за изменување на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2019 година

63. Предлог-програма за изменување на Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Македонија кои не се задолжително здравствено осигурени за 2019 година

64. Информација за потребата од продолжување со постапката за Конкурентен дијалог и за потребата од објавување на покана за учество во втора фаза на дијалог за јавна набавка на работи-изградба на Универзитетски клинички центар на greenfield локација во Скопје

65. Информација по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица на ул.1 бр.20, Сопиште, со Предлог-одлука

66. Информација по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица на дел од КП 7895/2, дел од КП 7994 КП 8003, Општина Струмица, место викано Цареви Кули, со Предлог-одлука

67. Информација за добивање одобрение за отпочнување на постапки за јавни набавки за склучување на повеќегодишни договори за продолжување со изградба на објекти:-Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, подземни гаражи и партерно

уредување при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје и-Факултет за физичко образование спорт и здравје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје

68. Предлог-одлука за доделување на средства на Општински ученички дом „Бранко Станоевиќ “-Гостивар

69. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница „Д-р. Трифун Пановски”-Битола

70. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница „Борка Талески”-Прилеп

71. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница Куманово

72. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Битола

**д) предлози по кои Владата дава мислење:**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

73. Предлог-закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

74. Предлог-закон за изменување на Изборниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници
75. Предлог-закон за младинско учество и младински политики

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

76. Понуда од нотар Роза Николова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4686 за КО Горно Лисиче на КП бр.4019

77. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.531 за КО Трубарево на КП бр.322 викано место/улица Шамак Чукур и имотен лист бр.45296 за КО Трубарево на КП бр.323 викано место/улица Шамак Чукар

78. Понуда од нотар Тана Топалоска од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.882 за КО Охрид 4 на КП бр.2743 место викано место/улица Патерица

79. Известување од извршител Фанија Каламатиева од Скопје за Прва усна јавна продажба која ќе се одржи на 12.12.2019 година, доставени под И.бр.1275/2017

**ѓ) други предлози**

80. Кадровски прашања

81. Прашања и предлози

## Б) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

82. Информација за разгледување на можноста за изготвување идејно решение за клучка Тетово Гостивар, со цел да се направи доусогласување и да се дефинираат идните насоки за истото

83. Информација за прогресот на изградба на станови наменети за лица во социјален ризик и други ранливи групи и станови наменети за продажба

84. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за периодот од 1.7.2019 до 30.9.2019 година

85. Полугодишен извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој, рибарство со аквакултура и ИПАРД Програмата за 2019 година

86. Информација за работата на Советот за управување со јавни финансии со Нацрт-полугодишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2019 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари 2019 година-јуни 2019 година

87. Информација за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за октомври 2019 година

88. Информација за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Институт за јавно здравје 2016 година

89. Информација за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавна здравствена установа Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија-Скопје

90. Информација за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло Скопје за 2017 година

91. Информација за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија за 2017 година

## В) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

92. Предлог-закон за висока раководна служба

93. Информација за Оперативен план за спроведување на акцијата Администрацијата чисти со „Не биди ѓубре"

94. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година

95. Информација за обезбедување на средства за финансирање на пристапен пат до претоварната станица во Општина Ранковце

96. Финансиска конструкција/пренамена на средства од Буџетот на Министерство за животна средина и просторно планирање за 2019 година

97. Предлог-одлука за определување на подрачјата со специфични развојни потреби во Република Северна Македонија за периодот од 2019 до 2024 година

98. Информација за реализација на проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2020 година

99. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема-компјутерски томографи за потребите на ЈЗУ Општа болница Струмица и ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија

100. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема-магнетни резонанси за потребите на ЈЗУ Општа болница Прилеп, ЈЗУ Општа болница Гостивар и ЈЗУ Општа болница Охрид

101. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги „Мар медика" ДОО увоз-извоз Куманово за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

102. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги "Канбио медикал" ДОО Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

103. Предлог-одлука за изменување на Одлука за определување на висината на надоместоците во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје, со Предлог-одлука за давање согласност

104. Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за отворање на заеднички граничен премин Лојане-Миратовац, со усогласен текст на Спогодба

105. Предлог-одлука за измена на распоред на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година

*
*   *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Придонес на Република Северна Македонија кон Годишниот извештај на Европската комисија**

Владата го разгледа Придонесот на Република Северна Македонија кон Годишниот извештај на Европската комисија и го усвои со заклучок Секретаријатот за европски прашања веднаш да го достави до Европската комисија.

- **Информација за степенот на реализација на препораките на Реактивната мисија на УНЕСКО од 2017-та година, одлуките на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО (Краков, 2017 година и Баку, 2019 година) и релавантните заклучоци на Владата на Република Северна Македонија за состојбата со природното и културното наследство во Охридскиот Регион**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на препораките на Реактивната мисија на УНЕСКО од 2017-та година, одлуките на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО (Краков, 2017 година и Баку, 2019 година) и релавантните заклучоци на Владата на Република Северна Македонија за состојбата со природното и културното наследство во Охридскиот Регион и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја реафирмира определбата да се зачува статусот на УНЕСКО за Светско културно и природно наследство на Охридскиот Регион, во насока на подобрување на квалитетот на живот на граѓаните во регионот и афирмирање на владеење на правото.

2. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Националната комисија за УНЕСКО, да ги координира работите и Програмата за Реактивната мисија на УНЕСКО закажана за крајот на јануари 2020 година, како и изработката на извештајот за напредок.

3. Се задолжуваат сите релевантни државни институции, односно Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура, Министерството за транспорт и врски, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за култура-Управа за заштита на културното наследство, Хидро-биолошкиот завод-Охрид, Завод за заштита на споменици на културата и Музеј-Охрид, Национален парк Галичица, АД Електрани на Северна Македонија, ЈП за железничка

инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, ЈП Колекторски систем, ЈП за државни патишта, во координација со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да ги примат претставниците на УНЕСКО во склоп на Реактивната мисија за 2020 година.

4. Се препорачува на Општина Дебрца, Општина Охрид и Општина Струга да ги интензивираат процесите и активностите со цел исполнување на препораките на УНЕСКО и да ги примат претставниците на УНЕСКО во склоп на Реактивната мисија за 2020 година.

5. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 10 дена, да спроведе постапка за јавна набавка за изработка на анализа на предлогот за алтернативна рута за пругата долж Коридорот 8, предложена во Реактивната мисија на УНЕСКО од 2017 година.

6. Се задолжуваат сите релевантни државни институции најдоцна до 13 декември 2019 година да достават до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија ажурирани и сеопфатни информации за степенот на реализација на препораките на УНЕСКО, кои ќе бидат дел од прогрес извештајот за напредокот кој ќе се достави до УНЕСКО, најдоцна до 31 јануари 2020 година.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Барањето за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата му укажа на Град Скопје да достави одговор до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, односно да одговори каков е статусот на Договорот за регулирање на меѓусебните односи во врска со користењето на топловодната мрежа бр.18-15756/1 од 31 декември 2012 година.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија-Скопје, во предложениот текст.

**<u>Точка 3</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со предлог-одлуки за давање во сопственост и за давање на трајно користење на недвижни ствари на општини во Република Северна Македонија, со предлог-одлуки и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Кисела Вода, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Карпош, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Радовиш да се разгледа на наредната седница на Владата.

Исто така, се задолжува ЈП за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија во најкус можен рок во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација да подготви нов акт за систематизација на работните места во ЈП за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, усогласен со одредбите на Законот за вработените во јавниот сектор и

Законот за административни службеници и врз основа на истиот да се донесат нови решенија за вработените во претпријатието.

**Точка 4**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Кошаркарската федерација на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за зголемување на основната главнина од средствата на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје со издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда-четврта емисија на акции, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведена теренска контрола на корисниците на станови под закуп и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје до Владата да достави информација со податоци дали сите градови во Република Северна Македонија се опфатени во Прегледот на корисници на станбен простор ФП 1674-наменети за лица во социјален ризик и други ранливи групи.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да се изјасни во однос на можноста за поврзување на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје со Проектот Интероперабилност во делот на проверка на социјалниот статус на корисниците на станови.

Исто така, Владата го задолжи директорот на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје во рамките на своите надлежности и управните органи на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да преземе мерки и активности во однос на теренските контроли.

Истовремено, Владата го задолжи Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во рок од 60 дена, до Владата да достави информација со детална анализа на состојбите и идните чекори што ќе бидат преземени.

**Точка 7**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за неможност за утврдување на исполнувањето на обврската на приватниот партнер согласно член VIII, точка 3, потточка 3.2 став 2 од Договорот за јавно приватно партнерство ОДУ бр. 69/13 од 5.4.2013 година, го усвои и го задолжи Министерството за економија како институција која ќе го преземе следењето на реализацијата на Договорот за јавно приватно партнерство ОДУ 69/13 да ја разгледа можноста за склучување на Анекс кон Договорот во насока на промена на јавниот партнер кој ќе ја застапува Република Северна Македонија-Влада на Република Северна Македонија.

**Точка 8**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата по Информацијата во врска со непотпишување на менаџерските договори на директорот и заменик на директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија го донесе следниов заклучок:

- платата на директорот и заменикот на директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да се исплаќа согласно Колективниот договор.

**Точка 10**

Владата го донесе најновиот текст на Упатството за начинот на спроведување на инспекцискиот надзор, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за усвојување на Меморандум за соработка/разбирање помеѓу Република Северна Македонија и Евроатланскиот центар за координација на одговор при катастрофи (EADRCC) за спроведување/реализација на здружена вежба (Северна Македонија 2020), со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка/разбирање помеѓу Република Северна Македонија и Евроатланскиот центар за координација на одговор при катастрофи (EADRCC) за спроведување/реализација на здружена вежба („Северна Македонија 2020").

2. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за соработка/разбирање помеѓу Република Северна Македонија и Евроатланскиот центар за координација на одговор при катастрофи (EADRCC) за спроведување/реализација на здружена вежба („Северна Македонија 2020").

**Точка 12**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Долнени (пмв Форд фокус),

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Новаци (пмв Форд мондео караван),

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Маврово и Ростуша (тмв комбе Ивеко),

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (пмв Митцибуши паџеро),

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Струмица (пмв Форд фокус),

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на НУ „Национална галерија на Република Северна Македонија"-Скопје (тмв Пежо боксер),

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за надворешни работи (пмв Фиат таленто),

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Центар (пмв Фолксваген фејтон),

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за правда-Управа за извршување на санкциите (пмв Фолксваген пасат караван),

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Основно јавно обвинителство-Кавадарци (пмв Хонда CR-V),

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Ц.О. Скопје (тмв Ивеко магирус и приколка РТМ шфарцмулер),

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Здравствен дом Тетово (пмв Исузу тропер),

13. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Град Скопје (пмв Сузуки сфивт) и

14. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (пмв Фолксваген голф 5), во предложените текстови.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП Национални шуми,

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Казнено поправна установа Идризово,

3. Одлуката за престанок на важење на Одлуката бр.45-4459/9 од 4.7.2019 година за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенцијата за промоција за поддршка на туризмот и

4. Одлуката за престанок на важење на Одлуката бр.45-8515/1 од 18.9.2019 година за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за финансии-Управа за јавни приходи, да се разгледаат на наредната седница на Владата.

**Точка 13**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (од 2019 година), во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (од 2018 година), во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (од 2017 година), во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или

транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (од 2016 година), во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност од Владата на Република Северна Македонија, за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Стојмировска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 20**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за престанување на важењето на Законот за трговија на зелени пазари, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Кирил Колемишевски, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството економија и Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија.

Истовремено, се укажува Министерството за економија да има предвид дека донесените подзаконски акти треба да престанат да важат со влегувањето во сила на Законот за престанување на важењето на Законот за трговија на зелени пазари.

**Точка 21**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-законот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, по скратена постапка и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Во текстот на Предлог-законот да се предвиди одредба дека законот не важи за зградите за колективно домување класа А-2.

2. Во текстот на Предлог-законот каде што е предвидено дека Министерството за животна средина дава мислење да се измени и да биде Министерството да дава согласност.

3. Во текстот на Предлог-законот, каде што е предвиден рок од 30 дена за постапување на институциите по одредено барање, да се предвиди одредба со која ќе се предвиди покренување на прекршочна постапка спрема одговорното лице и институцијата, кои имале обврска да постапат.

4. Министерството за транспорт и врски да изврши усогласување на текстот на Предлог-законот со Секретаријатот за законодавство.

Исто така, Министерството за транспорт и врски да ги има предвид укажувањата изнесени во расправата на седницата.

## Точка 22

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за транспорт и врски Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка да се достави до Собранието согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Зоран Маневски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Весна Андриеска, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

## Точка 23

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изменување на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2019 година, за наредната седница на Владата.

## Точка 24

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 25

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 26

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 27

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во катастарска Општина Трн, Општина Битола, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата ја донесе Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во катастарска Општина Трн, Општина Битола, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на надземен 10 (20) kV приклучен вод и бетонска столбна трафостаница БСТС 10 (20)/0,4 kV:100 kVA „Сланушка" КО Шлегово, Општина Кратово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на надземен 10 (20) kV приклучен вод и бетонска столбна трафостаница БСТС 10 (20)/0,4 kV:100 kVA „Сланушка" КО Шлегово, Општина Кратово, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, КО Којлија, Општина Петровец, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, КО Којлија, Општина Петровец, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтаична електрична централа КО Тработивиште, Општина Делчево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтаична електрична централа КО Тработивиште, Општина Делчево, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Измена и дополна на Проект за инфраструктура за изградба на ветерни електрани Богословец, пристапен пат, ТС 20 (30)110кв, со приклучен далековод од 2х110кв, Општина Свети Николе и Општина Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Измена и дополна на Проект за инфраструктура за изградба на ветерни електрани Богословец, пристапен пат, ТС 20 (30)110кв, со приклучен далековод од 2х110кв, Општина Свети Николе и Општина Штип, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на Собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД, Скопје, закажано за 17.12.2019 година, со почеток во 14:00 часот и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува лицето Исмаиљ Љума, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Северна Македонија, како акционер

во ЕВН Македонија АД, Скопје, да присуствува на Собранието на акционерите на ЕВН Македонија АД, Скопје, закажано за 17.12.2019 година, со почеток во 14:00 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да го извести ЕВН Македонија АД, Скопје за издаденото полномошно.

3. Се овластува полномошникот да гласа „ЗА" по сите точки од Процедуралниот дел и Работниот дел на Собранието на акционерите на ЕВН Македонија АД, Скопје, закажано 17.12.2019 година, со почеток во 14:00 часот.

## Точка 34

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за спроведување на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија 2019-2023, со Акциски план и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за локална самоуправа, а се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, при креирањето на своите годишни програми/ мерки/ јавни повици за 2020 година, да предвидат стимулативни критериуми за евалуација на апликации и проекти доколку истите се поднесени од жени или да воведат нови мерки кои се наменети исклучиво за поддршка на жени и за тоа да го известат Министерството за економија, најдоцна до 31 јануари 2020 година.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за локална самоуправа, а се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, да воведат родово разделени податоци во своите дата бази за доделена финансиска поддршка (грантови, субвенции, кредити и сл.) за правни и физички лица, најдоцна до 20 декември 2019 година.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за локална самоуправа, а се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, да изготват извештај за доделена финансиска поддршка со средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, кој ќе содржи родово разделени податоци и истиот да го доставaт до Комисијата за заштита на конкуренцијата и Министерството за економија, најдоцна до 31 јануари 2020 година.

4. Се задолжува Комисијата за заштита на конкуренцијата да изготви Информација за доделената финансиска поддршка од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година кој ќе содржи родово разделени податоци и истата да ја достави до Владата, најдоцна до 15 февруари 2020 година.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Тино-Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Тино со седиште на ул. Нас. Свети Стефан 66-Охрид, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

## Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Некст дор парк, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Некст дор парк, Скопје со седиште на ул. 1732 бр. 4/3 Скопје, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Гранд М, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Гранд М, Скопје со седиште на ул. Плоштад Македонија бр. 7 Скопје, за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од Гарден спа бутик хотел, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (Гарден спа бутик хотел, Скопје со седиште на ул. Леринска бр. 2 Скопје, за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Мултилатералната конвенција за имплементација на мерките за спречување на ерозија на даночната основа и преместување на профитот кои се однесуваат на договорите за одбегнување на двојното оданочување (MLI), со текст на Мултилатералната конвенција и прилози и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Мултилатералната конвенција за имплементација на мерките за спречување на ерозија на даночната основа и преместување на профитот кои се однесуваат на договорите за одбегнување на двојното оданочување (MLI).

2. Се определува д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Мултилатералната конвенција за имплементација на мерките за спречување на ерозија на даночната основа и преместување на профитот кои се однесуваат на договорите за одбегнување на двојното оданочување (MLI).

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со функционирањето на Управниот одбор на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги на воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Проектот за изградба на железничка делница Крива Паланка-граница со Република Бугарија од Секторската оперативна програма за транспорт 2014-2020 година согласно Извадок од Нацрт-записникот од 153-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10.9.2019 година (Пред преминување на Дневен ред-Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, при подготовка на целокупната документација

поврзана со целосна реализација на Проектот за изградба на третата фаза од железничкиот Коридор VIII, од Крива Паланка до граница со Република Бугарија, да го вклучи прекуграничниот тунел само на македонска територија.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во соработка со Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје за ставот од заклучокот бр.1 во врска со вклучување на прекуграничниот тунел само на македонска страна во целокупната документација за Проектот, да ги информира соодветните институции во Република Бугарија, во рок од 10 дена.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии/ЦФСД во соработка со Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје и во соработка со соодветните институции во Република Бугарија, да започне активности за формирање на официјална билатерална работна група, која ќе биде надлежна за координирање на активности и размена на информации во врска со реализација на проектите на железничкиот Коридор VIII и за истото во рок од три месеци, да ја информира Владата.

4. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје во соработка со Министерството за транспорт и врски, да подготви информација за можноста за формирање на посебно тело со надлежност за реализација на инвестициските проекти за изградба на Коридорот VIII (источната и западната делница) и за истото да ја информира Владата во рок од два месеци.

5. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје да ја достави финалната ИПА апликација за Проектот за изградба на железничка делница Крива Паланка-граница со Република Бугарија до Министерството за транспорт и врски, во рок од 10 дена.

6. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје да ги достави тендерските документации за градба и надзор над градба за Проектот за изградба на железничка делница Крива Паланка-граница со Република Бугарија, до Министерството за транспорт и врски, во рок од 20 дена.

7. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје да ја започне постапката за добивање на одобрение за градење за железничка делница Крива Паланка-граница со Република Бугарија во рок од 30 дена.

8. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје да ја започне постапката за експропријација, во рок од 30 дена.

9. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје да започне со изготвување на документите: рамка за раселување (Resettlement Policy Framework), план за вклучување на засегнатите страни (Stakeholder Engagement Plan), како и планот за раселување (Resettlement Action Plan) за изградба на железничка делница Крива Паланка-граница со Република Бугарија, во рок од 30 дена.

10. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, по однос на заклучоците бр.5, 6, 7, 8 и 9 да подготви нова збирна информација за сите преземени активности и истата да ја достави до Владата, во рок од три месеци.

<u>**Точка 42**</u>

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Предлог-договор за доделување на државна помош на „Локо транс логистик" ДООЕЛ Скопје и Деловен план за инвестицискиот проект и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, да достави до Комисијата за заштита на конкуренцијата известување за

планирано доделување на државна помош согласно предложениот договор за доделување на државна помош на „Локо транс логистик“ ДООЕЛ Скопје.

2. Се задолжува Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, веднаш по добивањето на Решение за оцена на државна помош на „Локо транс логистик“ ДООЕЛ Скопје од Комисијата за заштита на конкуренцијата да ја информира Владата на Република Северна Македонија и да го достави Договорот за државна помош.

## Точка 43

Владата ја донесе Одлуката за укинување на увозната давачка-царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени, во предложениот текст, со заклучок Министерството за финансии да достави позитивно мислење по Одлуката.

## Точка 44

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги Агроленд трејд ДООЕЛ увоз-извоз с. Манастирец Росоман на локалитетот „Црвени Брегови 2“, Општина Неготино, во предложениот текст.

## Точка 45

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-минерална вода на Друштвото за производство, трговија и услуги Делфис ДООЕЛ с.Радиовце, Брвеница на локалитетот „Самаци“, Општина Брвеница, во предложениот текст.

## Точка 46

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Совет за развој на пазарот на капитал, во предложениот текст.

## Точка 47

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „Мастербет“ ДООЕЛ Скопје во деловната просторија на ул. „Љубљанска“ бр.6/1, Скопје-Карпош, во предложениот текст.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија, со Предлог-уредба, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Македонија, во предложениот текст.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлука на Европскиот суд за човекови права во случајот Харуни против Република Северна Македонија, А.бр.8082/15, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, што Министерството за финансии ќе ја достави до Владата.

## Точка 50

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Основен суд Скопје 2-Скопје, за наредната седница на Владата, поради потребата да се постапи согласно Извештајот на Комисијата за политички систем.

**Точка 51**

Владата го разгледа Предлог-законот за образование на возрасните (најнов текст) и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за образование и наука да изврши усогласување на текстот на Предлог-законот со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за образование на возрасните согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука и Елизабета Наумовска, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници Енвер Хусеин, државен секретар во Министерството за образование и наука и Линдита Ќазими, директор на ЈУ Центар за образование на возрасните-Скопје.

**Точка 52**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за вработување на инвалидни лица, по скратена постапка (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници м-р Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 53**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување, по скратена постапка (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници м-р Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Снежана Костовска-Фрчковска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 54**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и м-р Снежана Костовска-Фрчковска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 55**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и м-р Снежана Костовска-Фрчковска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 56**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за инвалидски организации, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и м-р Снежана Костовска-Фрчковска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 57**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Венко Филипче, министер за здравство и Арменд Арслани, заменик на министерот за здравство, а за повереници Владимир Милошев, државен секретар во Министерството за здравство и Михајло Костовски, државен советник во Министерството за здравство.

**Точка 58**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствена инспекција, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Венко Филипче, министер за здравство и Арменд Арслани, заменик на министерот за здравство, а за повереници д-р Владимир Милошев, државен секретар во Министерството за здравство и Михајло Костовски, државен советник во Министерството за здравство.

**Точка 59**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош, како и на

членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Македонија кои не се задолжително здравствено осигурени за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од продолжување со постапката за Конкурентен дијалог и за потребата од објавување на покана за учество во втора фаза на дијалог за јавна набавка на работи-изградба на Универзитетски клинички центар на greenfield локација во Скопје, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица на ул.1 бр.20, Сопиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на одобрение за основање на приватна установа за вон-семејна социјална заштита на стари лица, во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица на дел од КП 7895/2, дел од КП 7994, КП 8003, Општина Струмица, место викано Цареви Кули, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на одобрение за основање на приватна установа за вон-семејна социјална заштита на стари лица, во предложениот текст.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање одобрение за отпочнување на постапки за јавни набавки за склучување на повеќегодишни договори за продолжување со изградба на:- Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, подземни гаражи и партерно уредување при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје и-Факултет за физичко образование спорт и здравје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје и ја усвои со следниов заклучок:

-Се задолжува Министерството за образование и наука средствата потребни за реализација на јавните набавки да ги прикаже во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 68**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општински ученички дом „Бранко Станоевиќ "-Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 69**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница „Д-р. Трифун Пановски"-Битола, во предложениот текст.

**Точка 70**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница „Борка Талески"-Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 71**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница-Куманово, во предложениот текст.

**Точка 72**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Битола, во предложениот текст.

**Точка 73**

Владата не расправаше по Предлог-законот за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 74**

Владата не расправаше по Предлог-законот за изменување на Изборниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 75**

Владата не расправаше по Предлог-законот за младинско учество и младински политики .

**Точка 76**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4686 за КО Горно Лисиче на КП бр.4019, доставена од нотар Роза Николова од Скопје и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.531 за КО Трубарево на КП бр.322 викано место/улица Шамак Чукур и имотен лист бр.45296 за КО Трубарево на КП бр.323 викано место/улица Шамак Чукар и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Тана Топалоска од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.882 КО Охрид 4 на КП бр.2743 место викано место/улица Патерица и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид дополнителното негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 79**

Владата по Известувањето од извршител Фанија Каламатиева од Скопје, за Заклучок за усна јавна продажба врз основа на член 179 став (1), член 181 став (1) и член 182 став (1) од Законот за извршување, под И.бр.1275/2017, го усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 80**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 81**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата за разгледување на можноста за изготвување идејно решение за клучка Тетово Гостивар, со цел да се направи доусогласување и да се дефинираат идните насоки за истото, како материјал за информирање, со следново укажување:

-Се укажува на Јавно претпријатие за државни патишта во инвестиционата програма за 2020 година да предвиди средствата за изработка на техничка документација за проектот клучка Требош.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на изградба на станови наменети за лица во социјален ризик и други ранливи групи и станови наменети за продажба, како материјал за информирање

**Точка 84**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за периодот од 1.7.2019 до 30.9.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој, рибарство со аквакултура и ИПАРД Програмата за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Советот за управување со јавни финансии со Нацрт-полугодишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2019 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари 2019 година-јуни 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија, за октомври 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Институт за јавно здравје 2016 година, како материјал за информирање.

Истовремено го задолжи Министерството за здравство да постапи согласно укажувањата на Министерството за финансии и за истото да го информира Министерството за финансии.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавна здравствена установа Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија-Скопје, како материјал за информирање, со укажување:

-предлагачот да постапи согласно укажувањата на Министерството за финансии и за истото да го информира Министерството за финансии.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло Скопје за 2017 година, како материјал за информирање, со укажување:

-предлагачот да постапи согласно укажувањата на Министерството за финансии и за истото да го информира Министерството за финансии.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија за 2017 година, како материјал за информирање, со укажување предлагачот да постапи согласно укажувањата на Министерството за финансии и за истото да го информира Министерството за финансии.

**Точка 92**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за висока раководна служба, го утврди и заклучи, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници Адем Авзиу, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Билјана Николовска Жагар, државен советник во Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на Акцијата администрацијата чисти со „Не биди ѓубре“, со Оперативен план и ја усвои со следните заклучоци:
1. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии,

Министерството за труд и социјална политика, Министерството за локална самоуправа, Министерството за одбрана, Министерството за правда, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Агенцијата за млади и спорт и Дирекцијата за заштита и спасување да ги информираат и координираат сите институции кои што се наведени во Оперативниот план во прилог.
2. Се препорачува на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија да ги информираат и координираат институциите согласно предвидената динамика на активности од Оперативниот план во прилог.
3. Се препорачува на Собранието на Република Северна Македонија да ги информира и координира институциите, согласно предвидената динамика на активности од Оперативниот план во прилог.
4. Се укажува на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" П.О. Скопје да ги информира и координира институциите, согласно предвидената динамика на активности од Оперативниот план во прилог.
5. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да го изврши преземањето на донациите од донаторите, како и дистрибуција на истите до соодветните локации, согласно предвидената динамика на активности од Оперативниот план во прилог.
6. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да направи соодветна проценка на ризици и потреби за реализација на Акцијата, како и преземање на соодветни мерки доколку има потреба од истите.
7. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја извести интернационалната заедница за оваа акција, со цел информирање и обезбедување на поддршка за истата.
8. Се препорачува на Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија да ги извести сите општини во Република Северна Македонија за реализација на оваа иницијатива, со цел избор на една локација и координација на Акцијата во секоја општина во која ќе биде реализирана истата.
9. Се препорачува на Град Скопје во соработка со Јавното сообраќајно претпријатие-Скопје да организира превоз на дел од административните службеници на локациите Сарај-Треска и Аквадуктот-Каналот.
10. Се препорачува на Град Скопје да учествува во акцијата со расположливи човечки ресурси и машинерија согласно Оперативниот план во прилог.
Истовремено, се укажува дека неоправдано отсуствување на вработените од државните институции од Акцијата, ќе се смета за неоправдано отсуство од работа.

## Точка 94

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 95

Владата не расправаше по Информацијата за обезбедување на средства за финансирање на пристапен пат до претоварната станица во Општина Ранковце.

## Точка 96

Владата не расправаше по Финансиската конструкција/пренамена на средства од Буџетот на Министерство за животна средина и просторно планирање за 2019 година.

## Точка 97

Владата не расправаше по Предлог-одлуката за определување на подрачјата со специфични развојни потреби во Република Северна Македонија за периодот од 2019 до 2024 година.

## Точка 98

Владата не расправаше по Информацијата за реализација на проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2020 година.

**Точка 99**

Владата не расправаше по Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема-компјутерски томографи за потребите на ЈЗУ Општа болница Струмица и ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија.

**Точка 100**

Владата не расправаше по Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема-магнетни резонанси за потребите на ЈЗУ Општа болница Прилеп, ЈЗУ Општа болница Гостивар и ЈЗУ Општа болница Охрид.

**Точка 101**

Владата не расправаше по Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги Мар медика ДОО увоз-извоз Куманово за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука.

**Точка 102**

Владата не расправаше по Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги Канбио медикал ДОО Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука.

**Точка 103**

Владата не расправаше по Предлог-одлуката за изменување на Одлука за определување на висината на надоместоците во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје, со Предлог-одлука за давање согласност.

**Точка 104**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за отворање на заеднички граничен премин Лојане-Миратовец и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за отворање на заеднички граничен премин Лојане-Миратовец

2. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за отворање на заеднички граничен премин Лојане-Миратовец

3. Се определува Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за отворање на заеднички граничен премин Лојане-Миратовец.

**Точка 105**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

*
*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:35 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| --- | --- |
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |